# ЗАПИСНИК

од 23-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Велес, 12 ноември, 2024 г.

**Присутни членови**: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на совет на Општина Крива Паланка), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Фарук Невзати, со овластување од Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Никола Стојковски, со овластување од Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел).
**Гости**: г-ѓа Весна Јаневска, министер за образование и наука, г-ѓа Лесли Милер, претставник на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија

***

Управниот одбор на оваа седница расправаше по следниот предлог:

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за обезбедена поддршка за изработка на општински планови за оптимизација на мрежата на основни училишта – (обраќање на министерката за образование и наука г-ѓа Весна Јаневска и претставничката на УНИЦЕФ, г-ѓа Лесли Милер);
2. Одлука за закажување на седма седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
3. Разгледување на предлог Буџет на ЗЕЛС, Акциски план на ЗЕЛС и План за јавни набавки за 2025 година;
4. Дискусија околу одржување на електронските системи кои ги администрира ЗЕЛС;
5. Разно.

На седницата беше констатирано мнозинство од присутните членови на Управниот одбор со што овој орган може полноправно да одлучува.

Управниот одбор го усвои предложениот Дневен ред без измени и дополнувања.

**ПРВА ТОЧКА**: Информација за обезбедена поддршка за изработка на општински планови за оптимизација на мрежата на основни училишта – (обраќање на министерката за образование и наука г-ѓа Весна Јаневска и претставничката на УНИЦЕФ, г-ѓа Лесли Милер

На состанокот беше поканета, присуствуваше и на присутните им се обрати г-ѓа Весна Јаневска, министер за образование и наука. Таа ги запозна членовите на Управниот одбор со тековните активности и приоритети на Министерството за образование и наука, а особено за активноста поврзана со изготвување и имплементација на план за оптимизација на училиштата во десет општини, како проект кој министерството го спроведува со експертска поддршка на УНИЦЕФ (заради што на седницата на управниот одбор беше поканета и присуствуваше г-ѓа Лесли Милер, Претставник на УНИЦЕФ во нашата држава).

Станува збор за оптимизацијата на мрежата на основни училишта во државата, при што во десет општини веќе се изготвени плановите, додека процесот ќе продолжи со дополнителни 23 општини. Впечатокот на министерството е дека општините ја разбираат и ја поддржуваат оптимизацијата, која е одговор и на нивните барања и заложбите на ЗЕЛС за објективна распределба на блок дотациите. Сите промени се спроведуваат за да се подобри квалитетот на образованието. Со оптимизацијата на училишната мрежа се обезбедуваат најдобри можни услови за образование, полн ангажман на наставниците а општините добиваат правична и ефикасна распределба на буџетски средства. Беше истакнато дека овој комплексен процес се реализира заедно со локалните самоуправи, ЗЕЛС, УНИЦЕФ, Светска банка и во консултација со учениците, родителите и наставниците.

Г-ѓа Јаневска истакна дека Министерството тесно ќе соработува со ЗЕЛС, дека заедно ќе се работи на претстојната нова формула за пресметка на блок дотациите, а дека постои огромна подготвеност за заеднички предлози за подобрување на прописите. Таа исто така истакна дека процесот на оптимизација треба да се одвива паралелно со достапните финансиски средства согласно објавениот повик за финансирање на проекти, оној објавен оваа година, но и идниот кој се очекува да биде објавен во текот на месец февруари. Со оптимизацијата ќе се воочат реалните финансиски потреби, а преку средствата за финансирање на проектите достапни преку јавните повици од страна на Владата, ќе може да се спроведе и соодветна реконструкција на училишните објекти. Наставниот кадар опфатен со оптимизацијата ќе биде вклучен во процесот на целодневната настава, а дел се очекува преку посебен процес на преквалификација да бидат ставени во функција на образовниот процес на деца со посебни потреби. Проблем кој претстои да се разреши е проблемот што при оптимизацијата на училишната мрежа потребно е да се обезбеди превоз за учениците кои треба да посетуваат настава во оддалечени училишта.

Пред Управниот одбор се обрати и г-ѓа Лесли Милер, претставник на УНИЦЕФ во нашата држава која ја истакна поддршката, потребата од соработка со општините и ги увери присутните дека активностите за оптимизација на училишната мрежа се спроведуваат по најсовремени стандарди кои постојат во развиените држави. Беше укажано на потребата, дополнителниот број општини кои ќе бидат опфатени со оптимизацијата (дополнителни 23 општини) мора да формираат работни групи преку кои ќе се врши координацијата на активностите за да може усвоениот план целосно да се имплементира. Најголем проблем кој го воочува УНИЦЕФ е демографското намалување на населението поради иселување или миграција од рурални во урбани средини заради недоволен квалитет на настава и воопшто услови за живот.

Со обраќањата беше отворена дискусија, кога членовите на управниот одбор ја презентираа

анализата на собраните податоци во пресрет на оваа средба, при што беше посочена огромната дискрепанца во износот на средствата кои општините ги добиваат од блок дотацијата и оние кои самостојно, од својот буџет, ги користат за надомест на трошоците кои не се опфатени со дотацијата од државата. На ваков начин се доаѓа до износ од речиси 900 милиони денари средства кои општините ги надоместуваат од сопствени средства за 2023 година, а за 2024 година (сѐ уште во тек) износот е речиси 600 милиони денари.

Останатите присутни (посебен осврт од страна на градоначалникот на општина Радовиш) истакнаа дека процесот на оптимизација мора да го следи и соодветното обезбедување на превоз на учениците, висината на цената на превозот диктирана од превозниците особено за оддалечени места и соодветно предвидување на финансиски средства за оваа намена во дотациите. Беше посочен и проблемот со спроведување на постапките за јавни набавки кои не може да се спроведуваат од страна на секое училиште поединечно заради недостаток на соодветен кадар вработен во училиштето, а општината нема можност да ја спроведе постапката во име на сите училишта заради ограничувањето со Закон кога колективните јавни набавки може да ги спроведе еден од договорните органи, во услови кога општината нема својство на договорен орган за овој тип на набавки (набавка на храна, обезбедување, реконструкција итн.). Се претпоставува дека за надминување на овој проблем, треба да се изготви иницијатива за изменување на Законот за јавните набавки.

Дополнителен проблем е потребата од добивање на согласности од повеќе органи за упатување на наставен кадар на работа од едно во друго училиште, истите не се потребни и треба да се укинат. При оптимизацијата на училишната мрежа задолжително да се донесе План за преквалификација на наставниот кадар, законски да се утврдат рокови за спроведување на претквалификацијата и да се утврди надлежниот субјект пред кој наставниците ќе се обраќаат за да се стекнат со преквалификација и да добијат соодветен акт за стекнат статус.

Учениците кои ќе бидат опфатени со оптимизацијата да бидат дел од целодневна настава со оглед дека од едно населено место треба да се превезуваат повеќе деца кои се на различна возраст, а распоредот на часови е различен за секое дете, па едни деца мора да ги чекаат останатите да завршат со настава. Во ваков случај децата мора да бидат згрижени и нивниот престој во училиштата мора да биде покриен со соодветна наставна програма или наставни активности (спорт, уметност итн.). За оваа цел со пропис да се воведе едносменска и целодневна настава (предлог е истата да се одвива од 7:30 до 16:30 ч.).

Училиштата имаат свои административни потреби, а со пропис не е допуштено службеници вработени во една установа да извршуваат работи за друга установа, ниту тоа да го прави општинската администрација. За да се оптимизира и овој аспект на функционирање на образовните установи, беше побарано со пропис да се утврди право на формирање на заеднички служби (правни, финансиски, општи работи) кои би ги опслужувале сите установи на подрачје на една општина или за оваа цел да се зголеми делокругот на работа на општинската администрација која би ги вршела тековните работи и за училиштата (проблемот се посочува во организацијата и делокругот на работа на општинската администрација која ја организира и актите ги донесува градоначалникот, додека образовните установи имаат свој директор кој треба да ја организира администрацијата на

установата, за на крај да постои правна пречка градоначалникот да има надлежност да донесува одлуки, да располага со права и обврски во име на установата кои се правно одвоени).

Останатите присутни (посебен осврт од страна на градоначалникот на општина Велес) укажаа на состојбата со повеќекратното и рапидно зголемување на цената на електричната енергија на отворениот пазар која ќе ги исцрпи буџетите на општините со милионски суми, заради што е итно потребно Владата да донесе соодветна одлука со која општините ќе бидат дел од регулираниот пазар и ел. енергија да ја користат од производството на ЕСМ, по цена постигната во постапка пропишана со Закон преку која ЕСМ ја продава струјата на останатите субјекти. На овој начин нема да биде оштетена државата. На овој начин нема да дојде до нарушување на слободниот пазар и конкурентноста со оглед дека општините не се занимаваат со комерцијална дејност или било какво производство на добра или давање на услуги. Доколку не се преземе оваа мерка, вака како што се предлага, општините ќе бидат целосно финансиски оштетени и ќе паднат во длабоки задолжувања.

Следно прашање кое мора да биде опфатено со оптимизацијата е функционирањето на интернатите со оглед дека истите функционираат со огромни загуби, бројот на сместени ученици е мал и трендот е секојдневно да се намалува. Од таа причина беше предложено да се донесе мерка за задолжително сместување во интернат на учениците кои патуваат од оддалечените места, а во спротивно да партиципираат во цената на превозот.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор го поддржува процесот на оптимизација на училишната мрежа со посебен осврт на прашањето преквалификација на наставниот кадар, превозот на учениците, сместувањето на учениците во интернати, цената на електричната енергија, а истите прашања да се изнесат на првата средба со Претседателот на Владата и членовите на неговиот кабинет.

**ВТОРА ТОЧКА**: Одлука за свикување на седмата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС

Согласно Статутот на ЗЕЛС, седниците на Генералното Собрание ги свикува Управниот одбор.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе одлука за свикување на 7-ма седница на Генералното собрание на ЗЕЛС која ќе се одржи на 12 декември во Скопје.

Генералното собрание на оваа седница ќе расправа по следниот предлог:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од шестата седница на Генералното собрание;
2. Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски;
3. Усвојување на предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2025 и предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 г.;

4. Одлука за утврдување на висината на надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради обезбедување на нивна стабилност и одржливост на предлог на Управниот одбор на ЗЕЛС.
5. Одлука за Кооптирање на членови во Комитетот на совети при ЗЕЛС
6. Разно

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на финансискиот план – буџет на ЗЕЛС за 2025 г., планот на активности на ЗЕЛС за 2025 г. и Планот за јавни набавки за 2025 г.

Управниот одбор ги утврди содржината на Предлог – финансискиот план, буџет на ЗЕЛС за 2025 г. и содржината на Предлог – Акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 г.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор го утврди Предлог – финансискиот план, буџет на ЗЕЛС за 2025 г. и му предлага на Генералното собрание истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор го усвои Предлог – Акцискиот план – планот на активности на ЗЕЛС за 2025 г. и му предлага на Генералното собрание истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за усвојување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2025 г.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Дискусија околу одржување на електронските системи кои ги администрира ЗЕЛС;

Членовите на управниот одбор беа запознати со трендот на нередовно плаќање на членарината на општините кон ЗЕЛС од каде во најголем дел се финансираат и активностите поврзани со тековното функционирање и одржување на информациските системи со кои управува ЗЕЛС во својство на администратор. Дополнително кон ова, има постојан тренд на тековно зголемување на обемот на податоци, со оглед дека ЗЕЛС врши складирање и трајно чување на документацијата за сите електронски постапки уште од 2013 година, па оттука и самото складирање, заштита и опслужување ја зголемува цената на чинење на услугата за нивно складирање на облак „cloud“ систем. Ваквиот тренд е нагорен, ЗЕЛС како администратор ја презема целата одговорност за беспрекорно функционирање на ваквите обемни и сложени системи па оттука предлага да се воведе и посебен надомест за нивно складирање и обезбедување.

Со воведувањето на надомест од овој вид, кој ќе се издвои од плаќањето на членарината, информациските системи дополнително и финансиски ќе бидат одржливи.

**ОДЛУКА**: Одлука за утврдување на висината на надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради обезбедување на нивна стабилност и одржливост и му предлага на Генералното собрание истата да ја усвои на својата прва наредна седница.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Разгледување на меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и неколку државни органи на предлог на ОБСЕ**

   Со овој Меморандум се зајакнува соработката помеѓу ЗЕЛС и повеќе државни органи во функција на јакнење на соработката и поддршката на локалните совети за превенција.

   ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор го разгледа и ја усвои содржината на Меморандумот за соработка предложен од ОБСЕ заради поддршка на локалните совети за превенција.

2. **Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2024 г.**

   Управниот одбор го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Планот за јавните набавки на ЗЕЛС за 2024 г. со кој се предлага да се додаде нова ставка во истиот за набавка на софтверско решение за архива на ЗЕЛС. Ова од причина што досегашното решение кое е набавено во 2005-та година е застарено и постои голем ризик за губење на податоците, па оттука е потребно да се изврши јавна набавка за надградба на постојното решение или набавка на ново решение.

   **ОДЛУКА:** Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за изменување и дополнување на планот за јавните набавки на ЗЕЛС за 2024 г.

3. **Информација за постапката на донесување на неколку прописи од областа на локалната самоуправа.**

   Управниот одбор отвори дискусија во однос на прописите кои се во постапка на донесување или истите се донесени од страна на Собранието, а кои директно ги засегаат општините.

   Претседателот на ЗЕЛС извести дека интензивно се работи на изготвување на нацрт текст на инцијативата за изменување на Законот за локалната самоуправа со кој треба да се обезбеди поголема одговорност за градоначалникот со право истиот да биде отповикан, при што во овој процес се повикуваат сите општини да дадат свои сугестии за подобрување или надополнување на пропусти кои биле воочени во изминатите години. Исто така, присутните беа информирани и за процесот на изготвување на текст на иницијатива за донесување на Закон за комунална полиција, каде ЗЕЛС е вклучен во постапката на изготвување.

   Останатите истакнаа незадоволство од измената на законот за управување со земјоделско земјиште, каде од комисиите се избришани претставници од секоја општина поединечно, туку се воведува обврската ЗЕЛС да номинира еден член кој ќе учествува во распределбата за целата држава. Присутните го отворија и

прашањето за измените на Законот за градење со кои се предвидува дека издавање на одобрение за градење за фото-напонска централа издава Министерството за транспорт, иако целосно постапката до издавање на одобрение за градење ја спроведува општината.

Присутните го реафирмираа прашањето за разрешување на проблемот со финансирање на противпожарната заштита пред Министерството за одбрана, како и отворање на т.н. „буџетски преговори“ со Владата.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС го задолжи Претседателот и двајцата потпретседатели да организираат соодветни средби со Претседателот на Владата и министрите, членовите на неговиот кабинет.

4. **Разгледување на барањето на општина Чешиново – Облешево и општина Студеничани.**

Општина Чешиново – Облешево се обрати до ЗЕЛС со барање за помош во однос на намалувањето на средствата од блок дотацијата за градинките кои за следната година се драстично намалени.

Општина Студеничани го истакна проблемот со спреченост на инвеститорот за отпочнување со изградба на објект за кој е издадено одобрение за градење заради отуѓено земјиште за кое мештаните протестираат и тврдат дека земјиштето е во приватна сопственост, а земјиштето е отуѓено како сопственост на државата, па беше побарано од полицијата да преземе мерки.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ги разгледа двете барања (едното испратено писмено, а другото усно на седница) и заклучи да го задолжи претседателот и двајцата потпретседатели на ЗЕЛС да организираат средби со претставници на надлежните органи заради разрешување на изнесените проблеми.

Составен на 12.11.2024 г., во Велес

Составил:
Стручната служба на ЗЕЛС

Претседател на ЗЕЛС,
Орце Ѓорѓиевски

____________________